ISSN 2671-3829

ГРСТ

СПИСАНИЕ НА СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ - БИТОЛА

2023

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА СТРУЧНИ АКТИВИ

ПРОЕКТИ–ОБУКИ–РАБОТИЛНИЦИ

КРЕАТИВНИ И НАДВОР ОД ТД ЕКО-ТД



СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ТАКИ ДАСКАЛО
БИТОЛА

тел: 047-220-192

ул. „Димитар Илиевски - Мурато“ бр. 37 Битола
takidaskalobitola@gmail.com www.takidaskalo.edu.mk



ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

природно-математичко подрачје,
општествено-хуманистичко
јазично-уметничко подрачје.

БИЛИНГВАЛНА ПАРАЛЕЛКА:
англиско - македонска





ГРАФИЧКА СТРУКА/ СЕКТОР ГРАФИЧАРСТВО:

Графички техничар/
графички уредник-дизајнер

Печатар

УЧЕБНА 2023/2024

ГРАДЕЖНО-ГЕОДЕТСКАСТРУКА/ СЕКТОР ГРАДЕЖНИШТВО И ГЕОДЕЗИЈА :

Архитектонски техничар/Градежен техничар



СООБРАЌАЈНА СТРУКА/ СЕКТОР СООБРАЌАЈ, ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ

Техничар за патен сообраќај
Техничар за транспорт и шпедиција



ГЕОЛОШКО РУДАРСКА И МЕТАЛУРШКА СТРУКА / СЕКТОР ГЕОЛОГИЈА, РУДАРСТВО И МЕТАЛУРГИЈА:

Геолошко-рударски техничар



ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА СТРУКА / СЕКТОР ТЕКСТИЛ, КОЖА И СЛИЧНИ ПРОИЗВОДИ:

Техничар за дизајн на облека/
техничар за изработка на облека



СТРУКА/СЕКТОР: ЛИЧНИ УСЛУГИ

Техничар за козметичка
нега и убавина,



УГОСТИТЕЛСКО – ТУРИСТИЧКА СТРУКА/ СЕКТОР УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ :

Хотелско - туристички техничар



ГРСТ

списание на СОУ „Таки Даскало“ – Битола
бр.5, април 2023 г.

ISSN 2671-3829

За издавачот:
Ристо Грујовски, директор

Главни и одговорни уредници:
Весна Мундишевска-Велјановска
Марија Младеновска-Димитровска

Редакција:
Валентина Богојовска
Николче Ѓелевски
Марија Китановска
Љупчо Поповски
Катерина Спасовска-Маурдева
Анита Стефановска

Јазична редакција:
Ири Јефтимова

Компјутерска обработка:
Весна Мундишевска-Велјановска

Корица:
Миле Атанасоски

Контакт адреса:
Ул. „Димитар Илиевски Мурато“ бр.37, Битола
e-mail: takidaskalobitola@gmail.com
www.takidaskalo.edu.mk
СОУ “Таки Даскало“ – Битола

Печати:
АД „Киро Дандаро“ – Битола

Содржина:

2	Меѓународна соработка
5	Проекти – Обуки – Работилници
20	Геолошко рударска и металуршка струка
22	Текстилно-кожарска струка
24	Графичка струка
26	Гимназиско образование
28	Угостителско-туристичка струка
30	Лични услуги
32	Признанија/ Награди
34	Еко ТД
36	Литературен клуб
37	Волонтерски клуб
38	Креативни и надвор од ТД
40	ГРСТ забава

ОБРАЌАЊЕ НА ДИРЕКТОРОТ



Еден од приоритетите на СОУ „Таки Даскало“ – Битола, на чие реализирање максимално посветено работиме, е обезбедување на квалитетен воспитно-образовен процес и одлични услови за работа и за изведување на наставата. Покрај квалитетно гимназиско образование и билингвална гимназија, на нашите ученици им обезбедуваме и квалитетно стручно реформирано образование кое продуцира добро едуцирани стручни кадри подготвени да се вклучат на пазарот на трудот. Преку зголемен број на часови по практична настава и учење кај работодавач, како и преку дуалното образование кое го воведовме во графичката струка од минатата година, се обидуваме да продуцираме квалификуван стручен кадар, со што активно се вклучуваме во креирање политики за поголема обученост и вработливост на младите и нивна полесна интеграција во општествениот систем.

За подобрување на условите за учење и работа во изминатиот период се реализираа капитални инфраструктурни проекти, комплетно се направи реконструкција на двете спортски сали, спортските терени и училишниот двор со што се обезбедија одлични услови за изведување на наставата по спорт и спортски активности. Набавена е нова компјутерска опрема за кабинетот по информатика. Добивме и дополнителни средства од Општината Битола, со кои во оваа учебна година планираме да ги реконструираме и скалите во училиштето и подовите во училниците, а во фаза на апликација имаме и други проекти кои ќе ни овозможат како инфраструктурно подобрување на училиштето, така и опремување на кабинетите со софистицирана опрема и наставни средства, а се планира воведување на дуално образование и во други струки.

Нашата визија и мисија СОУ „Таки Даскало“ – Битола да биде значаен регионален образовен центар ја реализираме затоа што во нашето училиште, покрај ученици од Битола и околните општини, своето средно образование го продолжуваат ученици од целиот југозападен регион.

Меѓународна соработка

ЕРАЗМУС + ПРОЕКТИ



ГИ ОДБЕЛЕЖУВАМЕ ЕВРОПСКИТЕ ЕРАЗМУС ПЛУС ДЕНОВИ...

СОУ „Таки Даскало“ – Битола е лидер не само во Битола, туку и пошироко во републиката по успешната реализација на бројни Еразмус плус проекти и речиси нема европска земја со која нема воспоставено соработка и меѓусебна размена на искуства и знаења.



ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТ „ЗДРАВО ЖИВЕЕЊЕ, ЗДРАВИ ДЕЦА, ЗДРАВА ИДНИНА“ (“HEALTHY LIVE, HEALTHY CHILDREN, HEALTHY FUTURE”)

СОУ „Таки Даскало“ – Битола го заврши Еразмус+ проектот „Здраво живеење, здрави деца, здрава иднина (Healthy live, healthy children, healthy future)“, финансиран од фондовите на ЕУ наменети за стратешко партнерство од областа на училишното образование – соработка за иновации и размена на добри практики.



Проектот започна во 2019 година, а заврши оваа година поради светската пандемија. Координатор на овој проект е наставничката Весна Јовановска, а во истиот активно учествуваа наставниците Даниела Митревска, Кики Младенова и Оливера Каранфиловска. Проектот се реализира со меѓусебна соработка на Република С. Македонија, Романија, Бугарија, Турција и Португалија.

Цели на проектот се: решавање на проблемите со нездравата исхрана и дебелината, влијанието на медиумите врз изборот на храна, неактивниот начин на живот на учениците и нивната зависност од телефони.

Придобивките од проектот се: подигнување на свеста на учениците и на нивните родители за бенефитите од здравиот начин на живот со повеќе физичка активност во затворен и отворен простор и за здравите навики на исхрана.





НАСТАВА НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ СТОБИ И ПРИРОДОНАУЧНИОТ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА



Поведени од непобитната вистина дека треба да се користи секоја можност познавањето на англискиот јазик да се применува и надградува, на 20.04.2023 г. билингвалните паралелки реализираа настава на англиски јазик во археолошкиот локалитет Стоби и Природонаучниот музеј на Македонија. Учениците беа придружувани од Гордана Јордева, координатор на проектот „Римска империја“ во чии рамки се организираше ова патување, Валентина Богојовска, Наташа Котевска и Марија Младеновска Димитровска, професори и Ристо Грујовски, директор на СОУ „Таки Даскало“ – Битола.



Учениците беа фасцинирани од богатството на експонати и артефакти што ги видоа и за кои разговараа со водичите. Целокупната комуникација се одвиваше на англиски јазик.

Ваквата настава во СОУ „Таки Даскало“ се организира веќе неколку пати и претставува редовна пракса, на задоволство на сите чинители во образовниот процес – ученици, наставници и родители.



СОРАБОТКА СО III. ЗАГРЕБСКА ГИМНАЗИЈА ВО ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТ

СОУ „Таки Даскало“ – Битола оствари меѓународна соработка со III. Загребска гимназија – Загреб, Република Хрватска, во Еразмус+ проект на Европската Унија, во рамките на програмата “Job Shadowing – Екологија, зелени политики и одржливи практики”. Реализатори на соработката се: директорот на училиштето Ристо Грујовски, координаторот Славица Наумовска, Весна Мундишевска Велјановска – претседател на Еко-одборот на училиштето, членовите на Еко-одборот од редот на наставниците (Тони Видевски, Драгица Здравковска, Љубица Мешкова-Солак, Валентина Ристеска, Весна Христовска), работни тимови од одговорни наставници и ученици од гимназиско и стручно образование. Во тек се подготовки за реализација на бројни работилници, нагледни часови и други активности со гостите од Хрватска кои ќе го посетат нашето училиште во последната седмица од април 2023 г.

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ПРЕКУ УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ КОНФЕРЕНЦИИ, КОНГРЕСИ, ОБУКИ, СЕМИНАРИ

- Учество на предавања и панел дискусии „Денови на психологијата“ организирани од Меѓународниот Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ – Свети Николе. Учесници: стручната служба на СОУ „Таки Даскало“, 24-27.11.2022 год.

- Психологот м-р Марија Младеновска-Димитровска, на 24.11.2022 година учествуваше на панел-дискусијата која се одржа на Меѓународниот Славјански универзитет, која се организира во рамките на „Денови на психологијата“, на тема „Врсничка едукација – ефикасна алатка за промовирање на здравјето и здравото однесување на децата и младите“. Во излагањето на Марија Младеновска-Димитровска кое беше на тема „Врсничката едукација и идентитетските кризи кај младите“, таа се осврна на тоа што е врсничка едукација, кои се предностите на врсничката едукација кај младите, каде може да се користи врсничката едукација, кои вештини треба да ги поседува врсникот-едукатор, што се идентитетски кризи кај младите, како и на тоа дека врсничката едукација е ефективна и ефикасна во надминување на идентитетските кризи во периодот на адолесценција, придонесува за превенција и надминување на различни конфликти и насилство, превенција од различни болести на зависности, сексуално преносливи болести, несакана бременост и за зголемување на самодовербата, самостојност, независност, развој на комуникациските, лидерските и социјалните вештини кај младите.





- Учество на Eco-Logic конференција „Презентација на клучните сознанија од анализата на состојбите со зелените вештини во РС Македонија” (со фокус на средното стручно обрзование) и панел дискусија „Амбиент за креирање на зелени квалификации и зелени вештини во РС Македонија”. Учесници: Славица Наумовска и Драгица Здравковска, 01.12.2022 год., Скопје.

- Учество на симпозиум „Психолошки тестови во РС Македонија – правила, стандарди и искуства“ во организација на Комората на психолози на Македонија, Учесници: Стручната служба на СОУ „Таки Даскало” – Битола, 02.12.2022 год.

- д-р Флорида Кулевска во март 2023 година учествуваше на интернационалната конференција „VIII International Conference Sustainable Postharvest and Food Technologies – INOPTEP 2023 and XXXV Scientific – Professional Conference Processing and Energy in Agriculture – PTEP (National Society of Processing and Energy in Agriculture) 2023“ со трудот „Statistical Indicators For Accidents at Work in Agriculture Sector“.



- На 9 април 2023 год. професорките Анита Стефановска, Живка Танушева Ицаноска и Ема Ќука учествуваа на третиот по ред „Европски ден на волната“ со видеопрезентација на изработки од волна направени за време на слободните часови во училиштето. Конференцијата „Претприемништво на жени кои работат со волна“ се одржа во Златибор, Србија, во организација на EWE Foundation.





РЕНОВИРАНИ СПОРТСКИТЕ САЛИ, СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ И УЧИЛИШНИОТ ДВОР ВО СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ – БИТОЛА

Во СОУ „Таки Даскало“ – Битола реализирани се крупни инфраструктурни проекти, со средства на МОН и на Општина Битола. Со овие капитални инвестиции се реновирани спортските сали, спортските терени и училишниот двор.



Извршена е комплетна реконструкција на фискултурната и гимнастичарската сала, со што учениците добија најсовремени услови за изведување на наставата по спорт и спортски активности. Поставен е најмодерен спортски нелизгав под, заменета е комплетната дограма со современа огноотпорна алуминиумска дограма, заменета е електричната, водоводната и канализационата инсталација, поставено е високо енергетски ефикасно лед осветлување, реновирани се соблекувалните, тоалетите за учениците, направени се и тоалети за лица со инвалидитет, модерни кабинети за професорите по спорт и спортски активности, поставен е систем од акустични панели, како би се елиминирала бучавата при изведување на наставата.

Покрај салите, уредени се и спортските терени и училишниот двор во СОУ „Таки Даскало“. Изградени се терени за футсал, кошаркарско игралиште, одбојкарско игралиште кои се осветлени со рефлектори, што ќе овозможи и ноќно користење на теренитe, а за поголема безбедност теренитe се заградени со жичена ограда. Уреден е и училишниот двор, каде се поставени клупи со масички за седење, сидни канделабри, паркинг за велосипеди, а целиот простор е поплочен со бехатон плочки и хортикултурно уреден. Отворен е и нов безбедносен влез од страната на Гроздот според сите стандарди и прописи за безбедност.



– Реализирани се крупни инвестиции за подобрување на инфраструктурата и за осовременување на условите за работа во училиштето. Проектот за реконструкција на салите е реализиран со средства на Министерството за образование и наука, а спортските терени и училишниот двор се уредени со средства на Општината Битола. Со дополнителни средства од Општината Битола и ЈКП „Нискоградба“, изведена е и обиколна дренажа околу спортските сали, за да се собираат атмосферските води. Со овие големи инфраструктурни проекти, значително се подигна квалитетот на наставата, зашто учениците и наставниците по спорт и спортски активности добија најсовремени услови за изведување на наставата, а со уредувањето на училишниот двор се доби еден прекрасен простор за одмор на учениците и на наставниците. Се разбира не застануваме тука и во наредниот период ќе продолжиме интензивно да работиме на нови проекти – истакна Ристо Грујовски, директор на СОУ „Таки Даскало“.

Марија Младеновска-Димитровска

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА БИТОЛА ТОНИ КОЊАНОВСКИ ВО ПОСЕТА НА СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“



Градоначалникот на Општина Битола, Тони Коњановски, беше во посета на училиштето. Од страна на директорот Ристо Грујовски и дел од вработените во училиштето, беше запознат со реализираните проекти.

Во однос на надворешноста на училиштето, со средства од Општина Битола, се уредија спортските терени, односно теренот за футсал, кошаркарското и одбојкарското игралиште и истите се осветлени со соодветни рефлектори. Комплетно хортикултурно е уреден училишниот двор, со поставување на соодветна урбана опрема, со што за овие активности се одвоени околу 4,5 милиони денари. Поплочен е просторот околу спортските сали со бехатон плочки, а КЈП „Нискоградба“ направи обиколна дренажа.

– Изминатата година, во СОУ „Таки Даскало“ беа реализирани голем број проекти, кои се значајни за осовременувањето и унапредувањето на условите за учење и работа, со цел уште повеќе да се подигне квалитетот на воспитно-образовниот процес – истакна директорот Ристо Грујовски и додаде:



– За училиштето, со средства од општината е набавена нова компјутерска опрема за кабинетот по информатика во вредност од 440.000 денари, односно 16 персонални компјутери, лап топ и останата компјутерска опрема.

Градоначалникот Коњановски беше информиран и за поднесената апликација за добивање грант од Јапонската амбасада, наменет за промена на електричната инсталација во Блокот Б, важен елемент за енергетската ефикасност и стабилност на објектот. Градоначалникот, исто така, посочи дека и во наредниот период општината постојано ќе вложува во подобрување на условите за образование на сегашните и идните генерации ученици, кои се столб за квалитетна иднина.

Марија Младеновска-Димитровска

ПОТПИШАНИ ПОВЕЌЕ МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА




Во изминатиот период СОУ „Таки Даскало“ потпиша повеќе меморандуми за соработка со компании, високо образовни институции, средни училишта и невладини организации, со што уште повеќе се продлабочува соработката на училиштето со локалната заедница.

Имено, се потпишаа меморандуми за соработка со печатниците „Киро Дандаро“ и „Фустеларко борец“, за реализација на дуално образование во графичката струка, во образовниот профил со тригодишно образование печатар, потоа со Техничкиот факултет од Битола, за реализација на заеднички активности и соработка со различни струки од училиштето, со Високата медицинска школа за остварување



соработка во делот на практичната настава помеѓу струката лични услуги, техничар за козметичка нега и убавина и насоката физиотерапевти од Високата медицинска школа, со Здружението „Златно перо“ од Битола и Ротаракт клубот „Широк Сокак“ Битола, од каде беа дадени вредни донации во опрема и козметика за реализација на практичната настава во струката лични услуги, меморандум за соработка со средното училиште „Ибраим Темо“ од Струга, за реализација на заеднички активности во делот на меѓуетничката интеграција на





учениците, како и меморандум со Здружението за социјални иновации „ВР ЛАБ“ од Битола за соработка во рамките на проектот „Развој на вештини при изучување на занаети со примена на виртуелна реалност“, што ќе овозможи примена на виртуелната реалност во изведување на практичната настава и учениците преку виртуелната реалност да го забрзаат процесот на учење.

Марија Младеновска-Димитровска



ДИРЕКТОРОТ НА ЦЕНТАРОТ ЗА СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ШЕРИФ МИФТАРИ ВО ПОСЕТА НА СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“

Во посета на СОУ „Таки Даскало“ беше директорот на Центарот за средно стручно образование и обука, Шериф Мифтари, кој имаше можност да се запознае со сите струки и можности кои ги нуди нашето училиште. По повод посетата на директорот на ЦССОО, од страна на учениците и наставниот кадар беше организиран отворен ден на училиштето, каде сите струки подготвија штандови и се промовираа, а беше подготвена и закуска од страна на учениците од хотелско-туристичката струка и вработените.

Директорот на СОУ „Таки Даскало“ – Битола, Ристо Грујовски, го запозна директорот Мифтари со струките кои ги нуди училиштето, со инфраструктурните проекти кои се реализираат, со можностите кои ги нуди дуалното образование, со просторно-техничките можности кои им ги нуди СОУ „Таки Даскало“ на учениците, како со кабинетите на сите струки, со нивната техничка опременост, а беше побарана и поддршка за реализација на идни проекти во стручното образование и воведување дуално образование во повеќе струки.



Марија Младеновска-Димитровска



СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ ГО ОДБЕЛЕЖА ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК

СОУ „Таки Даскало“ Битола во учебната 2021/2022 година, со бројни активности го одбележа својот патрон празник 3 Мај. По повод чествувањето на патронот, делегација, предводена од директорот на Училиштето, Ристо Грујовски, положи свежо цвеќе пред бистата на Таки Даскало, во Градскиот парк.

Во рамките на активностите за одбележување на патронот, во Киното Манаки, се одржа свечена академија, на која настапија ученици од гимназија и од стручното образование, со музички изведби, со свои рецитали на оригинални литературни творби, наградени на републички натпревари и публикувани во зборници на творби. Беше презентирана и изложба на графики изработени во техниката сува игла од учениците од графичката струка, како и моден еко перформанс за одржлива мода, со модели од еко рециклирани материјали, изработени од учениците од текстилната струка.





По повод патронатот, СОУ „Таки Даскало“ издаде и нов број на училишниот весник „ГРСТ“ (бр.4), а беше промовирана и радиодрама на англиски јазик подготвена од учениците од билингвалните паралелки, во соработка со Американското катче од Битола.

Марија Младеновска-Димитровска

ОТВОРЕН ДЕН ВО СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ – КРЕАТИВНИ И ОТВОРЕНИ ЗА НОВИ УЧЕНИЦИ



Во СОУ “Таки Даскало” Битола, се одржа отворен ден, на кој деветто одделенците имаа можност да се запознаат со гимназиското образование и сите струки кои им ги нуди училиштето. Им беа презентирани гимназиското образование и билингвалната паралелка (македонско-англиска) и седумте струки геолошко-рударска и металуршка (геолошко-рударски тех.), сообраќајна (тех. за патен сообраќај и тех. за транспорт и шпедиција), графичка струка (графички уредник-дизајнер/графички тех. и печатар/изработувач на визуелни апликации – дуално образование), градежно-геодетска (градежен/архитектонски тех.), текстилно-кожарска (тех. за дизајн на облека/техничар за изработка на облека), угостителско-туристичка (хотелско-туристички тех.) и лични услуги (тех. за козметичка нега и убавина).



На настанот, кој беше богато организиран, имаше и музички концерт испреплетен со драматизации, во кој учениците го покажаа талентот за пеење, свирење, глума, цртање, радиодрама на англиски јазик која ја подготвија учениците од билингвалните паралелки, модна ревија на учениците од текстилната струка, со модели кои

сами ги дизајнираа, а учесниците во модната ревија беа професионално нашминкани од учениците од струката лични услуги козметичка нега и убавина, а за гостите од основните училишта, учениците заедно





со нивните родители, наставниците и другите вработени во училиштето, подготвија мултиетничка кујна со традиционални јадења, а учениците од угостителско-туристичката струка подготвија и посебна шведска маса која ја аранжираа и ги покажаа своите вештини.



Имаше и изложби, графичарите подготвија изложба „Уметничка графика-сува игла”, изложба на ликовни дела и карикатури од уметничкиот актив, изложба на макети на индивидуални објекти, тродимензионални модели, проекти изработени во Auto Cad од градежно-геодетската струка, текстилците рачни изработки на модни додатоци, торби и накит, а гимназијалците изведоа хемиски и физички експерименти.













Марија Младеновска-Димитровска



НОВА КОМПЈУТЕРСКА ОПРЕМА ЗА КАБИНЕТОТ ПО ИНФОРМАТИКА

Набавена е нова компјуерска опрема за кабинетот по информатика, во вредност од над 440.000 денари. Со средства од Општината Битола набавени се нови 16 перонални компјутери, лап топ и останата компјутерска опрема, со што значајно се осовременија условите за изведување на наставата по информатика.

Марија Младеновска-Димитровска

Проекти – Обуки – Работилници

„ПАНДА ЛАБС ЏУНИОР ЗА ПРАВЕДНА ТРАНЗИЦИЈА“



Нашите ученици со менторите Валентина Ацевска и Елизабета Каровска на натпреварот во Струга

Едукативната програма „Панда лабс џуниор за праведна транзиција“ веќе втора година се реализира и во нашето училиште. „Панда лабс џуниор за праведна транзиција“ е регионален проект фокусиран на младите (15-25 г.) во регионите со јаглен во Бугарија, Црна Гора, РС Македонија и Република Србија.

Проектот промовира обновливи извори на енергија, енергетска ефикасност, циркуларна економија, решенија за ублажување и адаптација на климатските промени, зелено претприемништво и иновации. Минатата година 16 ученици од нашето училиште успешно ги завршија едукативните работилници и постигнаа одлични резултати на натпреварите. Победниците имаа можност да учествуваат на регионална конференција во Софија (октомври 2022) и во Белград (февруари 2023) на која учествуваа и млади од Бугарија, Црна Гора и Србија. Годинава се вклучени 21 ученик од стручното и гимназиското образование под менторство на Валентина Ацевска, наставник по математика.

Овој проект е дел од European climate initiative (EUKI) на германското федерално министерство за животна средина, конзервација на природата и нуклеарна безбедност (BMU), а главната цел е да се придонесе кон праведна транзиција и навремен развој на знаење и претприемнички капацитети за младата генерација во регионите со јаглен.

Проектот е многу интересен и динамичен. Имаме чувство на пријатно искуство, изненадувачки убаво, бидејќи се стекнуваме со нови знаења од разни области, со ретки информации кои ни ја сменија перспективата и начинот на перцепирање на случувањата околу нас сега и во иднина.

Моника Балева III 4, Кристина Јованова III 4

ПСИХОЕДУКАТИВНА И ИСКУСТВЕНА РАБОТИЛНИЦА „ГРИЖА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ НА УЧЕНИЦИТЕ”

Во нашето училиште беше реализирана психоедукативна и искуствена работилница од подрачјето „Грижа и унапредување на менталното здравје на учениците” со цел примена на невербална когнитивна техника на спознавање и проценување на карактеристични особености на конкретната индивидуа/и кои се интегрирани во нејзиниот/неговиот карактер и се одразуваат во однесувањето на личноста кон другите луѓе во социјалната средина, сублимирање на позитивните перцепции и когниции за зајакнување на менталната слика за себе и мотивациониот аспект за позитивни поведенија.



Учесници во работилницата беа ученици од паралелките I 7 (градежно-геодетска струка) и IV 8 (гимназиско образование), а реализатори беа: Славица Наумовска – училишен психолог и Марија Јовановска – училишен педагог.

КРЕАТИВНИ „БЕЛИ КНИГИ“

Од октомври 2022 година дел од учениците од градежно-геодетската струка (архитектонски техничари) и графичката струка (графички дизајнери) се вклучени во креативен процес во кој се насочуваат кон експериментирање и работа која за нив значи предизвик во откривање на сопствените креативни способности. Таканаречените бели книги кои учениците ги креираат со исполнување на празните страници, надоврзувајќи се на текстовите и фотографиите во исполнетите страници, при што ги користат своите инспирации и идеи, беа дел од меѓународен проект во 2011 година во кој учествуваа уметници од светската современа уметничка сцена, меѓу кои и проф.м-р Билјана Исијанин, која е ментор на учениците во овој креативен процес. Оттука можноста што ја добија учениците од СОУ „Таки Даскало“: Ана Николоска, Викторија Митевска, Васка Стојанова, Нина Димеска, Инџи Муратовска, Сибел Ридван, Евгенија Костовска, Веци Тефиковски, Теодора Христова, Соња Наумовска, Викторија Џајковска, Марија Дурацова, Михаела Васкоска и Нина Велиновска, непосредно да користат дел од овие материјали е од големо значење за нив и претставува предизвик со кој се соочуваат и градат самодоверба во сопствените потенцијали.






РАБОТИЛНИЦИ „ДИЈАБЕТЕС ТИП 1 И 2“ И „ЗДРАВО РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ"

Во СОУ „Таки Даскало“ – Битола, во соработка со Центарот за јавно здравје, професорката по биологија Весна Христовска и Психолошко-педагошката служба, на 25.11.2022 година се реализира предавање и дискусија за дијабетес тип 1 и тип 2. Посебен акцент беше ставен на дијабетес тип 1 кој за жал е во подем и е дијагностициран кај децата, тинејџерите и младата популација. Доброволно за вработените и учениците беше спроведено мерење на шеќер во крвта.

Понатаму, во организација на Весна Христовска, професор по биологија, а во соработка со Центарот за јавно здравје Битола се одржа и дискусија со младата популација на тема: „Здраво репродуктивно здравје".



Благодарност за големиот интерес на учениците од гимназиско образование – III 10 и III 11, природно-математичко Б подрачје, III 12 билигвалната гимназија и од стручното образование II 2 сообраќајната струка.

Вакви и слични предавања ќе се реализираат и во иднина како резултат на континуираната соработка на нашето училиште со ЦЈЗ.

СОРАБОТКА СО РСБСП: ПОСТАВУВАЊЕ НА ПАРКИНГ ЗА МОТОРЦИКЛИ И ВЕЛОСИПЕДИ



СОУ „Таки Даскало“ – Битола оствари соработка со Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

На 9 ноември 2022 година Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата чиј претседател е Гордана Кожуваровска, наставник по сообраќајни стручни предмети во СОУ „Таки Даскало", дониираше паркинг за моторцикли и велосипеди за потребите на учениците и вработените од СОУ „Таки Даскало".





СОРАБОТКА СО ФРАНЦУСКАТА АЛИЈАНСА

По повод празнувањето на 104 годишнината од крајот на Првата светска војна, во просториите на Кино „Манаки“ – Битола се одржа мултимедијален хепенинг „Битола некогаш и сега, фрагменти“, на кој настапија ученици од сите години, стручно и гимназиско образование од СОУ „Таки Даскало“.

Нашите ученици, под менторство на Љубица Мешкова Солак, наставник по ликовна уметност, и Христијан Петковиќ, наставник по музичка уметност, бриљираа со својот настап пред гости од Франција, амбасадори, конзули и претставници од Советот на Општина Битола, а за учеството добија признанија и дипломи.

Настанот го организираше Францускиот институт во Скопје и Француската алијанса во Битола по повод 11 ноември, Денот на Примирјето.



ЕДУКАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ ЗА АКАДЕМСКО ПИШУВАЊЕ

СОУ „Таки Даскало“ – Битола се вклучи во циклус предавања и работилници организирани од НУУБ „Св. Климент Охридски“ наменети за подигање на компетенциите за пишување на стручните трудови на средношколците и на сите кои се заинтересирани за академско пишување.

Првото предавање беше организирано на 15 декември 2022 год. во соработка со професорката Николина Поповска од нашето училиште и проф. д-р. Виолета Јанушева од Педагошкиот факултет – Битола. Работилницата беше посветена на пишување на есеј како завршен стручен труд во средните училишта, а учествуваа ученици од прва година графичка струка кои имаа прилика да постават прашања и да даваат мислења во функција на наставно-образовниот процес. На крајот од предавањето учесниците добија бесплатно зачленување во библиотеката.

СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ ГО ОДБЕЛЕЖА МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

По повод 3 Декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост, СОУ „Таки Даскало“ во соработка со Факултетот за психологија при Меѓународниот славјански универзитет, организираше работилница **„365 – Живот без бариери и дискриминација“**.



Во работилницата под мотото **„Заедно сме посилни“** учествуваа ученици од графичка струка со професорките Весна Мундишевска-Велјановска и Катерина Спасовска-Маурдева, ученици од текстилната струка со професорките Живка Ицаноска, Анита Стефановска и Ема Ќука, како и претставници од инклузивниот тим на училиштето – психолозите Марија Младеновска-Димитровска, Наташа Ралевска Вучкова и Славица Наумовска. Во работилницата учествуваа и децата со попреченост кои следат настава во двете струки, заедно со нивните образовни асистенти, како и студенти од Меѓународниот славјански универзитет под менторство на доц. д-р Горица Поповска-Налевска.



Учениците изработија бројни новогодишни честитки и украси со разновидни креативни изведби кои беа изложени на новогодишниот саем во училиштето. Широката палета на производи е доказ дека навистина заедно сме посилни, но и порака дека така треба да биде не еден туку 365 дена во годината. Амбиентот го дополнија и ученици од гимназиското и стручното образование кои изведоа повеќе музички точки под менторство на професорот по музичка култура Христијан Петковиќ.

Настанот се реализираше со поддршка од Ристо Грујовски, директор на СОУ „Таки Даскало“ и Игор Михајловски, раководител на МСУ – одделение Битола.



Нина Велиновска I 4, Марија Дурацова I 4

ПСИХОЕДУКАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ПО ПОВОД 3 ДЕКЕМВРИ



„3 Декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост" беше одбележан јубилејно по петти пат, преку реализација на психоедукативна работилница во создавање на ликовни продукти на тема: „Новогодишна елка за сите". Во реализацијата на работилницата беа вклучени учениците со посебни образовни потешкотии, како и група надарени ученици од ликовната уметност; образовните асистенти: Пандора Бојовска, Рената Димановска, Наташа Стојановска, Виолета Атанасоска, Марјан Лазаровски, Марија Босилковска и Милена Ристевска. Организатори и реализатори на работилницата беа училишните психолози Славица Наумовска и Марија Младеновска-Димитровска.



НОВОГОДИШЕН БАЗАР ВО СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО" – БИТОЛА



По повод новогодишните и божикните празници, учениците од СОУ „Таки Даскало", на 28.12.2022 година организираа новогодишен базар кој се одржа во холот на училиштето, под мотото „Подари со срце – од децата за децата".

Учениците од гимназиското образование, градежно-геодетската, текстилната, графичката, рударската, угостителско-туристичката, сообраќајната струка, како и од струката лични услуги под менторство на нивните професори, својата креативност ја покажаа во изработката на рачни творби, новогодишни украси, како и домашно приготвена храна.













На оваа манифестација, родителите, вработените во училиштето, како и поканетите гости, купуваа од приложените предмети и прехранбените продукти. Собраните финансиски средства од базарот ќе бидат искористени за купување на дидактички материјали и друг вид опрема потребна за училиштето.



Марија Младеновска-Димитровска

ГРАДЕЖНИЦИТЕ И АРХИТЕКТОНЦИТЕ ОД СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ – БИТОЛА ИЗГРАДИЈА МОСТОВИ НА ХУМАНОСТ И СОЛИДАРНОСТ

Мудрите рекле дека големината на еден човек се мери според големината на неговата душа и широчината на неговото срце. А колку децата со својата големина, широчина и чистина на душата умеат да им одржат лекција за хуманост на возрасните, тоа го покажаа во новогодишните и божикните денови на дарување токму учениците од градежно-архитектонската струка при СОУ „Таки Даскало“ – Битола.



Учениците од градежно-архитектонската струка, поттикнати од своите професори по градежни и архитектонски стручни предмети, изградија мостови на солидарност и хуманост, и подарија бесценети мигови и пример на хуманост, солидарност и безрезервна љубов.

Тие беа вклучени во проектот волонтерство за хумани цели под мотото **„И најмалиот подарок може да предизвика широка насмевка”**, кој траеше во периодот од 18.12.2022 до 29.12.2022 година.

Целта на проектот беше подигнување на свеста кај учениците за емпатија, солидарност, одговорност и хуманост. Учениците посветено, безрезервно и со многу љубов работеа на терен, во маркетите каде ја спроведуваа хуманитарната акција, заедно со хуманите граѓани на Битола. Со срце и душа учениците и хуманите граѓани на Битола, донираа производи со цел да ги разубават новогодишните и божиќните празници на децата и да измамат насмевка на детските лица.



– Како просветни работници знаеме дека сме ја постигнале вистинската цел кога ќе видиме дека во детските души сме вградиле вистински вредности и сме измамиле насмевка на детските лица, и со тоа сме ја постигнале светата просветителска мисија, сме им ги просветлиле душите и сме им вградиле вистински вредности на децата да бидат хумани, човечни и доблесни – истакна еден од професорите вклучени во хуманитарната акција, кои од разбирливи причини не сакаат да се експонираат во јавноста.

Сите производи и парични средства кои беа донирани беа подарени во домот за деца без родители и децата од ранливите категории.

Марија Младеновска-Димитровска



РАБОТИЛНИЦА „ПРЕДВИДУВАЊЕ НА РЕАКЦИИ“

Билингвалците од IV 11 со професорката по англиски јазик Валентина Богојовска, на 31.01.2023 г. реализираа мини работилница на тема "Forcasting reactions" (Предвидување на реакции) чија цел беше да видиме колку се знаеме после четири години поминати заедно во училишните клупи.

АНГЛИСКИ ЗА ИДНИНАТА – МЕЃУНАРОДНА ОБУКА НА БРИТАНСКИОТ СОВЕТ




Семинарите се умствена храна што му е потребна на секој професионалец. Овој факт е уште посилен во овој пост-ковид период кога изгледа како да излегуваме од некое „мрачно доба“. Се рекло дека секоја генерација поминува низ некое премрежје. Ова беше нашето. Сега е време да се вратиме на нашите редовни обврски и животот каков што го знаеме. Време е да ја примиме редовната „вакцина“ со нови знаења, иновации и движења во наставата.

Во текот на месеците јануари, февруари и март 2023 година во организација на Британскиот Совет, а со подсредство на МОН, се одржаа серија на меѓународни обуки (Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Косово) насловени “Future English-Online Teacher Community”. Обуките во траење од 25 часа беа поделени во 5 модули посветени на формулирање цели во наставата, оценување за учење и инклузивно образование. Покрај задолжителното присуство на 5 вебинари одржани од извонредната Мелиса Томсон, на агендата беа поставени и голем број на задолженија кои ние како учесници требаше да ги реализираме на платформата на Британскиот совет и во училиштето. Тука би ги набројла многубројните пишани и практични задачи, реализација на часови на кои се применуваат стекнатите знаења, снимки и фотографии од активности, сè до водење на лично портфолио, дневник на планирани и реализирани активности и конечниот извештај за целокупната работа.

Ќе заклучам дека неспорни се придобивките од вака организираните обуки. Тие, пред сè, се во насока на подобрување на компетенциите на наставниците, зголемување на фокусот при организирањето на целокупната настава, запознавање со промените и новините во образованието, како и со веќе проверени успешни практики во образованието.

Валентина Богојовска, професор по англиски јазик и книжевност

BRITISH COUNCIL



ИЗДАДЕНА УЧИЛИШНА КНИГА „ОСЛИКАН ЗБОР“

СОУ „Таки Даскало“ – Битола, во април 2023 год. ја издаде книгата „Осликан збор“ која е уште едно вредносно надополнување на низата училишни изданија во кои се застапени творби создадени од ученици и наставници, односно вработени во училиштето. Ваквите изданија се наш заеднички влог во запишувањето на историјата на генерации талентирани ученици и вработени, чии објави и дела оставиле оригинален печат во афирмацијата на македонскиот јазик и литература и ликовната уметност (кај нас и во светот), а со тоа, секако, и во афирмацијата на училиштето. Во книгата застапени се четириесетина поетски, прозни и ликовни дела на ученици, наставници и вработени во нашето училиште.

Приредувачи на изданието се: Весна Мундишевска-Велјановска (која ја направи и компјутерската обработка и корицата), Милица Димитријовска-Радевска, Марија Младеновска-Димитровска и Ристо Грујовски.

Изборот на ликовните дела го направи Љубица Мешкова Солак (која е и автор на илустрацијата на корицата), а рецензент е писателката Елизабета Јончиќ, член на Друштвото на писателите на Македонија.

РАБОТИЛНИЦА „КРЕАТИВНО ПИШУВАЊЕ“



На наше огромно задоволство, на самиот почеток од месец март 2023 год. нè посетија деветтоодделенците од ОУ „Климент Охридски“ и нивната наставничка по англиски јазик Ивона Поповска.


Заедно со нив, Емилија, Ева, Ема, Ангела и Ксенија од IV 11 со професорката по англиски јазик Валентина Богојовска реализираа работилница за креативно пишување под покровителство на Американскиот совет. Работилницата помина во одлична и опуштена атмосфера и многу дружење, што придонесе учениците да споделат оригинални идеи и да покажат дека креативноста нема граници! Воедно, тие се запознаа со големиот број образовни можности што СОУ „Таки Даскало“ ги нуди за деветтодделенците.



МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ФРАНКОФОНИЈАТА

По повод Меѓународниот ден на франкофонијата, во СОУ „Таки Даскало“ – Битола се одржа средба на франкофонски професионалци со учениците од нашето училиште во соработка со Францускиот институт и Здружението на професори по француски јазик. Одговорен наставник: Сузана Петкоска.

РАБОТИЛНИЦИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МУРАЛИ



Под менторство на Љубица Мешкова Солак, наставник по Ликовна уметност, во месеците февруари и март 2023 г., во два наврати, ученици од СОУ „Таки Даскало“ – Битола изработија мурали. Најпрво група од 8 ученички, во соработка со „Арт Хаб“ и „Сфера“, насликаа платна по повод интернационалниот празник 8 Март, додека ученичките Марија Тиловска, Ангела Јовановска и Ева Доневска изработија мурали во соработка со Француската Алијанса. Муралите беа инаугурирани од францускиот амбасадор, директорот на Францускиот институт од Скопје и Тони Коњановски, градоначалник на Општина Битола. На прославата по повод Празникот на Франкофонијата, Каролина Потелле Златевска, директор на Француска Алијанса им додели благодарници на нашите ученици и нивната менторка.











ПРОЕКТ „МЛАДИНСКА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНО ГРАЃАНСТВО ВО БИТОЛА“

Шест ученици од графичката и текстилната струка, и една ученичка од сообраќајната струка, учествуваа во програмата „Младинска програма за активно граѓанство во Битола“ како дел од проектот „Младите дејствуваат за демократија“ спроведен од Здружението за едукативен развој „Еквалис“, проект кој финансиски е поддржан од Националниот фонд за демократија (NED).

Проектот има за цел да ги зголеми демократските капацитети и вештини за практикување активно граѓанство кај младите од Битола. Програмата е составена од две компоненти: едукативна и практична. Во едукативната компонента учесниците учествуваа на различни тематски работилници на темата активно граѓанство, а во практичниот дел се вклучија како спроведувачи на колаборативни акции во Битола. Програмата се реализираше од февруари до мај 2023 година во Битола.

Учеството во овој проект ни овозможи да стекнеме многу знаења какви што досега не сме сретнале, да запознаеме нови пријатели кои секогаш ќе може да ни помогнат и да нè насочат на вистинскиот пат кога и да им се обратиме. Секое ново предавање беше сè поинтересно, времето поминуваше извонредно брзо, а на работилниците имавме прилика да се запознаеме и со други „еквалисти“ кои со нас споделија навистина многу поучни и интересни работи во врска со нивниот ангажман, искуство и придонес за нашиот град.

Покрај ова сакаме да го истакнеме ангажманот на нашиот предавач Денис Арслановски, кој учел во нашето училиште (во графичката струка) и кој навистина нè научи многу нови работи, успеа да ни отвори нови видици (ние веќе ги променивме мислењата за многу нешта), нè спријатели со нови луѓе и нè научи да не се разликуваме, да не се делиме од другите без оглед какви и да сме, да настапуваме со полно срце и со разбирање за сите. Сакаме многу да го поздравиме и од срце да му се заблагодариме.



Наши ментори беа професорките по текстилни и графички стручни предмети: Живка Танушева Ицаноска и Весна Мундишевска-Велјановска.

Јована Цветановска II 4, Теодора Цветковска II 4

КОЛАБОРАТИВНА АКЦИЈА ВО СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“

На 30 март 2023 г. во училишниот двор се реализираше првата колаборативна акција при што тимот учесници од Младинската програма за активно граѓанство им овозможи на учениците од нашето училиште да искажат свои мислења или идеи до Општината за тоа што за нив како млади граѓани е значајно да се направи или да се подобри во нашиот град. Настанот се одвиваше паралелно во нашето училиште, во СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ и во СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола.





УЧЕНИЦИ ОД СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ ВКЛУЧЕНИ ВО ПРОЕКТ НА МКЦ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА НА МЛАДИ

Учениците од СОУ „Таки Даскало“ се вклучени во проектот „Безбедност и здравје при работа за млади“, кој го реализира Младинскиот културен центар од Битола, а е финансиран од ЕУ. Како дел од проектните активности се првично обуки на 5 ученици кои се дел од младинското јадро, кои потоа ќе треба да извршат дисеминација на 100-тина ученици преку реализација на работилници во училиштето, како би се подигнала свеста за значењето на безбедноста и здравјето при работа кај средношколците и развој на култура на превенција кај средношколците. Дел од младинското јадро се ученичките: Симона Котевска и Ана Анастасова од IV година, билингвална гимназија, Емилија Милошевска – IV година гимназија, Стефанија Бошковска и Бранкица Цветковска – III година гимназија.

Марија Младеновска-Димитровска

РАБОТИЛНИЦА ВО РАМКИ НА ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНА ПРОГРАМА НА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

На 6 април 2023 година ученичката Нина Велиновска од прва година графичка струка учествуваше на работилницата „Цртање, разговарање и споделување“ во рамките на интердисциплинарната програма на Музејот на современа уметност во Скопје која беше одржана од светски познатиот уметнички пар Лиа и Дан Пержовски. Дан Пержовски најчесто ги создава своите цртежи во светски познатите музејски простори, а преку неговите општествено ангажирани инсталации изразува сложени идеи преку брзо направени цртежи кои ги одразуваат над сè човечките прашања и општествени односи. На фотографиите прикажан е цртеж на Нина создаден на работилницата и Нина со уметничкиот пар Пержовски







ПОСВЕТЕНО СОЗДАВАМЕ ОДГОВОРНИ, НЕПРИСТРАСНИ И ТРЕЗВЕНИ ГРАЃАНИ

Во рамките на проектната активност, Англиски јазик-дебатен клуб, билингвалните паралелки следат серија на работилници на тема Media literacy (Медиумска писменост). Работилниците се реализираат од Ивана Ангелковска, координатор на Американското катче. Одговорни професори од нашето училиште се Валентина Богојовска, Наташа Котевска и Кики Младенова.

ПАТУВАЊЕ ДО БЕЛИТЕ САХАРОИДНИ МЕРМЕРИ ОД ОКОЛИНАТА НА ПРИЛЕП



Белите мермери од околината на Прилеп се составен дел на геолошките формации кои на овој простор ја градат големата геотектонска единица која се нарекува Пелагониски метаморфен комплекс. Во рамките на овој комплекс во серијата на мермерите денес се активни неколку рудници за добивање на камени блокови од сахароидни доломитски мермер кои се лоцирани во мермерната маса (Сивец, Ларин) и јужно во мермерната маса (Беловодица, Вепрчани, Мелница).



Белите доломитски сахароидни мермери кои се појавуваат во околината на Прилеп биле предмет на интерес од најстарите времиња до денес. Ископувањето на мермер од Сивец започнало приближно во 500 година п.н.е., а својот врв го достигна во римско време кога овој камен беше видно користен за изработка на римски скулптури во бел мермер, кои потоа беа испраќани во Рим или во други делови на Римската империја. Бројни археолошки остатоци зборуваат за искористувањето на овие мермери во различни епохи од цивилизациите кои опстојувале на овие простори (Хераклеа, Стоби и ред други).



Мермерот Сивец е еден од најпознатите и најценетите бели мермери во светот. Во денешно време, мермери од околината на Прилеп се извезуваат во големи количини во многу земји ширум светот како: Италија, Турција, Бразил, Сингапур, Обединетите Арапски Емирати, а се користи како украсен архитектонски камен за изградба на големи објекти како што се: установи, луксузни хотели и така натаму.

Џамијата „Шеик Зајед“ во Абу Даби користела бел мермер (сивец) од Прилер

Поттикнати од сознанијата за светското значење на белиот мермер од околината на Прилеп решивме и ние да тргнеме по стапките на старите римјани, но не да го експлоатираме туку да дознаеме повеќе карактеристики за неговата геологија, начин на добивање, како и да се увериме во неговата снежно бела боја.

Со автобусот тргнавме од Битола, која геолошки припаѓа на Западно-македонската тектонска зона и се наоѓа на самата граница со Пелагонскиот хорст антиклинориум, па не ни беше потребно многу време да ги напуштиме квартерните седименти од околината на Битола со кои е покриена една крупна раседна зона со правец на протегање север-југ со кој се поделени овие две големи тектонски масиви. Во близина на с. Тополчани, лево и десно патот ја пресече серијата на прекамбриски гнајсеви и микашист. Апсолутната старост на овие карпи се проценува на повеќе од милијарда години и воедно се едни од најстарите карпи на Балканот, па и пошироко.

Стигнавме до градот под Марковите кули над кои се издигнува чудесен рељеф изграден од гранодиоритни интрузивни карпи со невообичаени форми, настанати со кристализација на истата онаа магма која му помогнала на регионалниот метаморфизам да се извршат промени на старите карбонатски седименти и овозможила образување на мермерите. Тука ги чекаме нашите искусни водачи рударските инженери Зоран и Горан кој „че“ нè водат до рудникот „Беловодица“.



Накачувајќи се кон преслапот Плетвар, лево од нас се забележуваат ревирите од површинскиот коп од кои се вадат мермерни блокови и јаловиштето од рудникот „Сивец“. Со микроскопски испитувања на примероци е утврдено дека се работи за мермери изградени од минералот доломит со ситнозрнеста грановластична структура. Големината на доломитските зрна се движи од 0,1 до 0,5 mm. Ваквите особини на мермерните блокови му овозможуваат лесно да се обликуваат при изработка на скулптури. Покрај доломитот, во мермерот се појавува и калцит, како и помала количина на мусковит. Значајно е да се спомене дека во мермерната маса на Сивец се појавува еден егзотичен минерал со циклама црвена боја, рубин вариетет на корунд кој наоѓа примена во јувелирството за изработка на накит. Единствено во Европа рубини се констатирани во Сивец. Сивец не е нашата крајна дестинација, тука бевме претходната година.



Се спуштаме по Плетвар, десно од нас на самиот врв на источното крило на поголемата антиклинална форма на Дрен, го забележуваме јаловиштето од мермерите наоѓалиштето Беловодица. Овој регион геолошки припаѓа на мермерната маса на јужниот дел на Пелагонот. Оваа мермерна маса е сместена во рабниот дел на Пелагонискиот метаморфен комплекс од запад, и Вардарска зона од исток. Таа претставува тесна зона која е претставена со два типа на мермери и тоа: калцитскиот на источниот рабен дел со Вардарската зона, и доломитскиот во западниот дел во непосреден контакт со серијата на гнајсеви од Пелагонискиот метаморфен комплекс.



Целокупниот локалитет Беловодица, Вепрчани Мелница претставува куполеста издолжена структура во правец С-Ј. За мермерната маса на Беловодица е значајно тоа што во нејзините долни делови е извршена хомогенизација, избелување и доломитизација на мермерите. Имено, долните нивоа на оваа мермерна маса се изградени од бели сахароидни до брашнести масивни доломитски мермери. Големината на доломитските зрна се движи од 0,07 до 0,1 mm. Во рудникот, рударите со дијамантски пили ги пресекуваа мермерните карпи од кои оборуваа камени блокови, а ние се поздравивме со нашите водачи и се упативме кон Битола.

Текстилно-кожарска струка

Техничар за дизајн на облека/ техничар за изработка на облека

ЗБОРОВИ НЕ СЕ ПОТРЕБНИ, СЛИКИТЕ КАЖУВААТ СÈ.























Фотографиите ги отсликуваат активностите на текстилната струка во текот на теоретската и практичната настава, како и продуктите презентирани во рамки на воннаставните активности (проекти, модни ревии, работилници и сл.).

Графичка струка

КРЕАТИВНО-УМЕТНИЧКА ГРАФИЧКА ПРАКСА



Во рамките на вежбите и практичниот дел од часовите по стручните предмети, во октомври 2022 г. учениците од прва, втора и трета година графички техничари, образовните асистенти и одговорните наставници по графички стручни предмети Катерина Спасовска-Маурдева, Валентина Ристевска и Весна Мундишевска-Велјановска, ја посетија книговрзувачката работилница „Книговез“ и Националната работилница за рачно изработена хартија „Св. Наум Охридски“ во Охрид. Тука учениците имаа можност да ја видат уметноста и уникатноста во графичкиот занает. Во „Книговез“ се запознаа со постапките на рачната изработка на тврдо поврзување и ракуваа со приборот и алатите кои се користат во овој процес. Во работилницата за рачно изработена хартија, пак, ја видоа древната постапка за добивање на хартија и имаа чест да отпечатат на една од двете копии на Гутенберговата преса која се наоѓа во овој музеј, а другата во Блед, Словенија. Посетата се реализираше со поддршка од Општина Битола.



Ангел Велјановски III 4, Стефан Простиженовски III 4

ИЗЛОЖБИ



Во ноември 2022 г., во просториите на нашето училиште ученици од втора и трета година, графичка струка, графички уредник-дизајнер, под менторство на Миле Атанасоски, наставник по графички стручни предмети, организираа мини изложба на графички дизајни и типографија со што го разубавија холот и беа поттик за нови творештва.



Во месец март 2023 г. креативноста вроди со нова креативност и следеше поставување на втората мини изложба: Фрагменти од работата, графички дизајн и типографија, изработени од графички уредници-дизајнери од прва, втора и трета година.

Благица Наумовска II 4, Михаела Васкоска I 4

САЕМ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, ПРАКТИКАНТСТВО И СТИПЕНДИИ 2022 НА ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ – БИТОЛА



Оваа година Техничкиот факултет – Битола беше мостот помеѓу средните училишта и разни фирми од нашиот град. Токму на ова место, на 14 декември 2022 г., нашите ученици вредно го покажаа наученото и ја претставија нашата струка, под будното око на наставниците од графичка струка, а фирмите имаа можност да ги запознаат своите идни вработени. Ваквиот саем доколку стане традиција би бил можност за усогласување на образованието и потребите на пазарот на трудот, со што сите би имале свои придобивки.

Рената Велјановска III 4, Антонио Марковски III 4



ГРАФИЧКАТА ТЕОРИЈА ВО ПРАКТИКАТА

Во декември 2022 г. ученици од прва, трета и четврта година, графичка струка, заедно со професорите Александар Трајковски, Валентина Ристеска, Катерина Спасовска-Маурдева и Весна Мундишевска-Велјановска имаа можност да бидат гости во една од најсовремените печатници во нашата земја „Bato&Divajn“ – Скопје. Во прекрасна работна атмосфера имавме можност да го проследиме целокупниот работен процес во создавањето на еден графички производ. Професионализмот и гостопримството на домаќините беа пример за успешно работење. И оваа посета се реализираше со поддршка од Општина Битола.

Андреа Грујовска I 4, Симеон Јосифов I 4

„ПО ДОПИРОТ НА ЉУБОВТА СЕКОЈ СТАНУВА ПОЕТ"



Одгледувај ја љубовта како што градинарот го одгледува цвеќето, така љубовта ќе биде чиста и ќе сјае.

По повод Денот на љубовта, учениците од прва, втора и трета година графичка струка, заедно со наставниците по графички стручни предмети Весна Мундишевска-Велјановска и Катерина Спасовска-Маурдева, и претставникот од НУУБ Гордана Ѓорѓиевска-Неделковски, во месец февруари 2023 г. реализираа работилници во соработка со НУУБ ,,Св. Климент Охридски“ – Битола. Низ прекрасна дружба и весела атмосфера подготвија интересна палета на книжни производи (честитки, писма со пораки, картички и други изненадувања за читателите на библиотеката).

Емилија Трампевска III 4, Антонио Таневски I 4

РАБОТИЛНИЦА ВО РАМКИ НА ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТОТ „УМЕТНОСТ И КРЕАТИВНОСТ“

Во графичкиот кабинет, на 22 март 2023 г., беше реализирана локална работилница од Еразмус+ проектот „Уметност и креативност“ кој го спроведува Здружението „Сумнал“ во соработка со партнери од Шпанија, Италија, Романија и Полска. Во работилницата беа демонстрирани техниките витраж и линорез под менторство на претставниците од Здружението „Сумнал“: Фатма Бајрам Аземовска, Викторија Михајловска и Ферзије Асаноска, а учествуваа 15 ученици од прва, втора и трета година графичка струка од СОУ „Таки Даскало“, под менторство на Весна Мундишевска-Велјановска, наставник по графички стручни предмети, и 4 ученици од СЕУ „Јане Сандански“ под менторство на Лидија Атанасоска, наставник по македонски јазик и литература.



На 23 и 24 март графичарите реализираа уште две работилници за доработка и печатење на линорезите, а на 25 март учествуваа на поставување и отворање на изложба на дела изработени во локални работилници на проектот, која беше поставена во малата сала на НУ Завод и музеј – Битола.

Стефани Простиженовска III 4

Гимназиско образование

Во чест на првата генерација на билингвалната гимназија

Учебната 2019-2020 ги направивме првите чекори неизвесно, но храбро.
Поминаа 4 години додека да трепнеш.

Детските болести ги поминавме буквално, со болест, ковидот ни грабна цела година од дружењето. Ама, не научи што е тимс, формс, зум...Ни покажа дека сè може да се постигне-да учиш и да научиш, да твориш, да си креативен, да издадеш книга, да снимиш ЦД, да спортуваш пред камера, да посетиш Амбасада, да си редовен во Американското катче, да победиш на онлајн натпревари, да правиш онлајн експерименти, да јадеш кифла на онлајн голем одмор, со вклучена камера, за да си ги гледаш другарите....



Децата... клучот е во нив, нашите извонредни ученици од првата генерација на билингвална гимназија. Ви благодариме од срце што го трасиравте патот, бевте ученици за пример и секогаш ќе бидете ветерот во грб за сите идни генерации.

Од класниот раководител Валентина Богојовска
и тимот професори на првата генерација билингвална гимназија



Skopje Mini Maker Faire

На 27.09.2022 год., ученици од билингвалните паралелки од I, II, III и IV година, придружувани од професорката Кики Младенова, беа во посета на Skopje Mini Maker Faire. Настанот беше во организација на Американското катче од Битола. Учениците донесоа одлични впечатоци за посетата и за изложените иновации – креативни, уникатни, интересни!



Fun with physics!

Часот на 05.10.2022 год., посветен на Capacitors connection (Поврзување на кондензатори) со учениците од II 12, билингвална паралелка и професорката по физика Тања Црнец е одличен пример за тоа како целосниот физички пристап во наставата е совршен за усвојување на наставните единици. Шлаг на тортата – часот беше одржан на англиски јазик!



Затемнување на Сонцето

И нашите ученици и вработени го набљудуваа затемнувањето на Сонцето! Под менторство на Тања Црнец и Славица Трајковска, на 25.10.2022 г., во паркот на нашето училиште беше организирано набљудување на затемнувањето на Сонцето. Учениците и нивните професори користеа специјални инструменти и опрема што им овозможи безбедно да го набљудуваат овој феномен!



Annual Halloween party

Билингвалците од СОУ „Таки Даскало“, од I до IV година, под менторство на професорката по англиски јазик Валентина Богојовска, го одбележаа Денот на вештерките, 31.10.2022 год. Тие преку изработката на маските и богатата закуска ја изразија својата безгранична креативност. На настанот беше прикажан и филм на англиски јазик, а беше приредена и забава во организација на учениците.

International Book Donation Project



На ден 14.12.2022 год. нашето училиште прими донација од 5 пакети на книги на англиски јазик, на огромна радост на професорите и учениците кои негуваат длабока љубов кон читањето. Донацијата се одвиваше преку Интернационалниот проект за донирање на книги “Lisa, Stacie, International Book Project, Mrs. Gregg, and Virginia Clark Hagan Charitable Foundation”.

Голема благодарност за ангажманот и посредувањето до нашата Наташа Котевска, професор по англиски јазик, до Марија Андреева-Попоска, професор по англиски јазик при СОСУ „Кирил и Методиј“ – Охрид и до г-дин Бил Брицфорд, член на Мировниот Корпус, за овозможената донација.



Ви благодариме што ни отворивте врати кон илјадници нови светови!

Не можеме да ја опишеме возбудата, среќата и радоста на лицата на нашите ученици кои ја уредуваа англиската библиотека со новите книги.

Благодарност до билингвалците од III 12! Вие сте единствени!



Филмска вечер во Американското катче во Битола

Во духот на прославувањето на Black History Month, на 22.02.2023 г., Американското катче во Битола беше домаќин на филмска вечер и дискусија.

На настанот учениците од IV 11 билингвална паралелка, гледаа извадоци од Amend: The Fight for America, документарна серија во која се прикажува борбата за еднакви права во САД. Дискусијата ја водеше Деметриус Смит, волонтер од Мировниот корпус.



Настанот беше збогатен и со присуството на Г-дин Ерик Мејер, заменик Амбасадор на САД. Тој разговараше со присутните за значењето на месецот како време за оддавање на почит и признание за придонесот и издржливоста на Афроамериканците.

Угостителско-туристичка струка

Угостителството и туризмот на старите патеки

По завршувањето на светската здравствена криза предизвикана од КОВИД 19, и враќањето на светот во нормални услови за живот и работа, и кај нас угостителството и туризмот, како една од најпогодените стопански дејности од светската здравствена криза, прави напори да се врати во нормалните текови од своето работење.





НИКОГАШ ПОВЕЌЕ ДА НЕ СЕ ПОВТОРИ!

Со цел активно да придонесеме кон што побрзо и поквалитетно враќање на нивото на работење во угостителството и туризмот, и постигнатите резултати во 2019 година, најдобри дотогаш, и ние, како струка и дел од туристичкиот пазар, правиме обиди со нашите активности во училиштето и надвор од него да дадеме мал, но важен придонес во враќањето на оваа стопанска дејност на местото кое го заслужува, и ѝ припаѓа во економијата на нашата држава.

Нашите заложби за што поквалитетно промовирање на нашата струка ќе ги претставиме низ неколку делови од годишното работење на струката.

Најпрво, на сите читатели на училишниот весник, ќе им го претставиме нашиот најголем партнер, пријател и поддржувач во сите наши активности, а тоа е хотел и ресторан „КОРЗО“, без чија огромна и несебична поддршка голем дел од нашите активности не ќе можевме да ги реализираме.

Хотел „Корзо“ е супер модерен, мултифункционален хотел лоциран во центарот на Битола. Лоциран е на само 20 метри од прекрасната главна улица, надалеку познатиот „Широк сокак“. Хотелот е опкружен со објекти со импресивна градска архитектура и на секој гостин во квалитетно опремените соби му овозможува пријатен престој во мир и тишина, уживање и исполнување на сите желби и на најпребирливите гости.






Ресторанот „Корзо“ е лоциран непосредно до хотелот и претставуваат една целина која е на располагање на секој гостин, за задоволување на сите гурмански желби.




Љубезниот персонал, предводен од сопственикот **Пеце Стојчевски**, и неговата десна рака, менаџерот **Андреј Јосковски**, се секогаш на располагање на секој гостин. Не залудно се вели: Да си бил во Битола, а да не си уживал во специјалитетите на ресторан „Корзо“ е исто како и да не си бил...

Благодарение на „нашите“ Пеце и Андреј, учениците од струката овде реализираат феријална пракса во летниот период, а исто и часовите по предметот Учење преку работа. Ви благодариме колеги!

Во вториот дел преку фотографии ќе ги претставиме активностите на нашата струка во текот на изминатиот период.





Нашите ученици на работно место, по предметот Учење преку работа, во ресторан „Корзо“ и снек бар „Читална“.







Учество на отвореният ден на нашето училиште, со производи од сите ученици од струката.

Нашето учество низ неколку фотографии од училишниот базар.







Се надеваме дека успеавме барем малку да ве запознаеме со нашата струка, дел од активностите кои ги реализираме во текот на годината, и најважно со нашите соработници, угостителско-туристичките објекти во нашиот град, кои секогаш несебично ни помагаат во текот на цела година, за што им сме бескрајно благодарни.

Лични услуги

ТЕХНИЧАР ЗА КОЗМЕТИЧКА НЕГА И УБАВИНА нуди можност младите да можат да ја истакнат нивната имагинација и креативност на часовите по практична настава. Вештите раце на учениците и нивната полетна младешка енергија, се клучни алатки во постигнувањето на успех.

Постоиме веќе четири години во нашето училиште. Горди сме што оваа учебна година ја имаме првата генерација на матуранти. Со завршување на образованието, на учениците им се овозможува вработување на пазарот на трудот или продолжување на образованието на сродни факултети.

Учениците нивното знаење го збогатуваат преку теоретската настава која ја реализираат стручни наставници од областа на медицината. Практичната настава, покрај тоа што се одржува во кабинетот кој е во склоп на училиштето, се изведува и во козметички салони кои оваа учебна година склучија меморандум за соработка со нашето училиште. Нашата парола гласи:

„Негувајте ја вашата надворешна убавина,
а со тоа ја негувате и вашата внатрешна духовна убавина.“



- СОУ „Таки Даскало“ и Високата медицинска школа, потпишаат Меморандум за соработка со цел поттикнување на соработка во различни активности и иницијативи од заемен интерес за едукација, подобрување на знаењето и зајакнување на стручните капацитети на учениците и студентите, како и на наставниот кадар од двете образовни институции.



- Rotaract Club Bitola Shirok Sokak истакна дека потенцијалот на средношколците е нивна водечка сила за понатамошна соработка со нашето училиште, а тоа го докажаа преку донација на два козметички кревети, со кои ќе се подобрат условите за практичната настава.

- СОУ „Таки Даскало“ на почетокот на 2023 год. оствари соработка со козметичкото студио **„Body M“** од Битола, каде учениците од четврта година имаат одлична можност да се стекнат со знаења од областа на козметиката, за време на практичната настава.








❖ Учениците од втора година нивните практични знаења од областа на маникир и шминка имаат можност да ги збогатат во салонот **„Beauty Vi“ makeup&nails**.






❖ Вредна донација козметичката струка доби од Здружението „Златно перо“, која се состои од апарати за козметичка нега на лице и тело и декоративна козметика за изведување на практичната настава.






❖ **„Viola Beauty Centar“** и СОУ „Таки Даскало“ склучија меморандум за соработка, со цел учениците од трета година да имаат можност нивните практични знаења да ги надополнат и збогатат, учејќи од стручниот тим кој работи во салонот.



❖ **„Студио Горко“** и оваа, како и минатите три години, е одлично место каде учениците од козметичката струка ја реализираат практичната настава по стручните предмети.




❖ Во текот на учебната година се реализираат чести посети на ученици од козметичката струка во просториите на **„Авон“ Битола**, каде учениците имаат можност да шминкаат, а за тоа да добијат совети и упатства како тоа се прави на професионален начин.





Признанија/ Награди

Натпревар за климатски промени и зелени бизниси

На натпреварот организиран од „Панда лабс џуниор за праведна транзиција“ од Џуниор ачивмент Македонија, одржан во Струга од 19-21 јуни 2022 г., 18 тима пишуваа план за нивните идеи за климатските промени и зелените бизнис идеи. Победник беше тимот Aeris во кој учествуваше нашиот ученик Христијан Мечкаров заедно со свои врсници од битолските училишта. Второто место го освои тимот E2Go со нашите ученици Александар Јовановски и Петар Илиевски, а третото место тимот Green Power Bloom, со нашата ученичка Марија Сервини.





Натпревари по биологија

Ева Сиваков, ученичка во гимназиско образование, под менторство на професор Флорида Кулевска освои прва награда на државниот натпревар по биологија за учениците од средните училишта, кој се одржа на 14 мај 2022 год., на Природно-математичкиот факултет во Скопје, катедра Биологија во соработка со Македонското биолошко друштво.

Ликовен конкурс

Ученичката Радица Димитрова од I 11, гимназиско образование (билингвална паралелка), освои прва награда во категоријата средношколци на ликовниот конкурс на тема „Цртаме за мир“ во конкуренција од 195 цртежи, под менторство на Љубица Мешковска-Солак, наставник по ликовна уметност. Конкурсот беше организиран од Ротари Клуб – Битола „Широк сокак“, МКЦ – Битола и НУ „Завод Музеј“ – Битола во септември 2022 година.




Натпревари по математика

На 04.02.2023 г. се одржа општинскиот натпревар по математика под менторство на професор Анета Димовска, на кој учествуваа ученици од втора година стручно и гимназиско образование: Виктор Лозанов и Ана Ацевска која освои трето место.






На 04.03.2023 г. се одржа регионалниот натпревар по математика во гимназијата „Мирче Ацев“ во Прилеп под менторство на професор Анета Димовска, на кој учествуваше Ана Ацевска, ученичка во втора година гимназиско образование која освои трето место и се стекна со право да учествува на државниот натпревар по математика кој се одржа на 01.04.2023 г. на Природно-математичкиот факултет (ПМФ) во Скопје на кој Ана го освои третото место. Ана учествуваше и на Македонската математичка олимпијада која се одржа на 09.04.2023 г. на ПМФ во Скопје.

Натпревари по филозофија



На 06.02.2023 г. во нашето училиште се одржа натпревар по филозофија. Со постигнатиот успех учениците Андреа Велевска, Викторија Цветановска и Стефан Деловски си овозможија учество на регионалниот натпревар што се одржа на 18.02.2023 г. во Тетово. Викторија Цветановска и Стефан Деловски постигнаа солиден резултат и продолжија на државниот натпревар што се одржа на 11.03.2023 г. на Филозофскиот факултет во Скопје. Ментор на учениците е Евгенија Маневска, професор по филозофија.

Натпревари по спорт и спортски активности

Оваа учебна година екипата на СОУ „Таки Даскало“ во футсал, во женска конкуренција, освои второ место на општински натпревар, наставник Весна Велјановска.

На општинските натпревари во пинг-понг, екипата на СОУ „Таки Даскало“ во женска конкуренција го освои првото место екипно, а во машка конкуренција го освои второто место екипно. Индивидуално, ученичката Ксенија Мано од гимназиското образование го освои првото место, а Кристина Јованова од графичката струка го освои второто место, под менторство на Кире Јагоридовски. Во октомври 2022 год. двете ученички учествуваа и на државниот натпревар во пинг-понг во Струмица.

На општинските натпревари во одбојка, училишната екипа во одбојка во женска конкуренција освои четврто место, а во машка конкуренција петто место, наставник Кире Јагоридовски.

Училишната ракометна екипа во машка конкуренција освои второ место на општинските натпревари, а во женска конкуренција освои трето место на општинските натпревари и трето место на регионалните натпревари, наставник Благој Митревски.

Натпревар по сообраќај

На регионалниот натпревар по сообраќај, Тамара Ристевска од III 2 сообраќајна струка, техничар за патен сообраќај под менторство на наставникот Драганчо Марковски, освои трето место и ќе учествува на државниот натпревар во Охрид, во мај 2023 г.

Училишен литературен и ликовен конкурс

СОУ „Таки Даскало“, по повод патрониот празник на училиштето, распиша литературен и ликовен конкурс на тема „Слика во збор, збор во слика“.

Комисијата за **литературниот конкурс** во состав: Милица Радевска, Весна Јовановска и Јулијана Јосифовска, наставници по македонски јазик и литература, за најдобри ги избра поетските творби на ученичките од гимназиско образование:

Прва награда – Анастасија Огненова II 12

Втора награда – Марија Сервини III 12 и

Трета награда – Христина Сервини I 11.

Комисијата за **ликовниот конкурс** во состав: Билјана Исијанин, Љубица Мешкова Солак и Ема Ќука, наставници по ликовна уметност, ги додели следните награди:
Прва награда – Ана Николоска II 7 (градежно-геодетска струка), комбинирана техника
Втора награда – Викторија Џајковска I 4 (графичка струка), комбинирана техника
Трета награда – Марија Тиловска III 11 (гимназиско образование), акрил на платно

Прва награда



Втора награда



Трета награда





Во рамки на ликовниот конкурс, посебни награди им се доделуваат и на: Нина Велиновска I 4 (графичка струка), Нина Димеска III 7 (градежно-геодетска струка) и Соња Наумовска I 4 (графичка струка).



Еко ТД

ЕКО РЕВИЈА „РЕЦИКЛИРАНА УБАВИНА“


Нашите креативни ученици од текстилната струка, под менторство на професорките по текстилни стручни предмети Анита Стефановска, Живка Ицановска и Ема Ќука во Културниот и информативен центар – Битола организираа модна ревија „Рециклирана убавина“, по повод 30 години УСАИД во Македонија. Прекрасните модни креации дизајнирани од рециклирани материјали кои блеснаа со својот сјај во Кристалната сала на Офицерскиот дом ги носеа ученици од Гимназијата „Јосип Броз Тито". На свеченият настан присуствуваа претставници од УСАИД, градоначалникот на Општина Битола д-р Тони Коњановски, директорот на СОУ „Таки Даскало“ Ристо Грујовски, како и бројни гости.

Нашите креативни ученици беа: Садет, Ана, Ларита, Маја, Михаела, Мелинда, Ангела, Назлл, Сибел, Флоренсија, Кристина, Христина, Тамара и Нашиде.











Проект: „ЗАШТИТА НА КНИЖНИОТ ФОНД НА БИБЛИОТЕКИТЕ“

Во месеците ноември и декември 2022 г. графичката струка и НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола остварија уште една успешна соработка со која се одбележа Месецот на книгата и училишните библиотеки. Беа демонстрирани разни постапки за заштита и реставрација на книги при што беа заштитени и реставрирани повеќе од 300 книги и учебници. Ментори на активностите во проектот беа професорките: Весна Мундишевска-Велјановска, Катерина Спасовска-Маурдева, Снежана Паскова, Мери Цицковска и Валентина Ристеска, м-р Гордана Ѓорѓиевска-Неделковски од НУУБ и Мирјана Наумовска, наша училишна библиотекарка.





Работилниците се реализираа со реупотреба на материјали (хартија, картон, лепенка, платно и сл.), а со цел намалување на отпадот, грижа за здрава животна и работна средина (согласно еко стандардот III) и подигање на еколошката свест.

Мартин Трајковски I 5, Андреј Пешевски I 5

ЕКО СОБА

На почетокот на второто полугодие, Еко-одборот на СОУ „Таки Даскало“ ја обнови училишната еко-соба на задоволство на учениците и вработените. Во собата се изложени постери и летоци со еколошки пораци, фотографии од еколошки акции, како и бројни изработки од учениците од графичката, текстилно-кожарската, градежно-геодетската, сообраќајната и угостителско-туристичката струка. Експонатите во собата редовно ќе се дополнуваат со нови креации од учениците. Бидете и вие дел од „ЕкоТД“.





Литературен клуб





На 29.9.2023 г. во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, се одржа 17-тата традиционална „Роднокрајна средба со битолските писатели“. На оваа средба учествуваа и учениците од нашето училиште, членови на Литературниот клуб, под менторство на професорката Николина Поповска.

Рената Димановска, образовен асистент

НЕЗАМЕНЛИВИТЕ

Има едни луѓе – надлуѓе
Длабоки,
Присутни,
Непостојано постојани,
Поддржувачи,
Со поглед те разбираат,
Да трепнеш ќе те почувствуваат
И не мора да се постојано присутни,
за да присуствуваат
Чунки и кога не ги гледаш, тука се
Со целото битие
Те опиваат и обвиваат
Те штитат и освестуваат
Па, кога ќе залуташ ќе те вратат на патот
Ќе те поттурнат
Некогаш и целосно ќе те турнат,
чиниш инвалид си, а нозете ти трчаат
маратонски, најсилно што можат
И трчаат, трчаат
Да, трчаат... зашто имаат ветер во грбот
Ветер кој непрестано дува, фучи
Ветер кој прашината и нечистотиите ги чисти
Ветер после кој душата свети,
Ветер кој и кога е сончево и мирно
го чувствуваш
И кога не дува, ја осеќаш неговата сила
А, што сме без ветерот?
Што сме без неговата сила?
Бунар без дно,
Птица без крилја,
Полжав без куќа,
Трудница без плодова вода,
Пијанист без прсти...
Има едни луѓе – надлуѓе
Благословен си ако имаш можност
да ги сретнеш...

ЛИТЕРАТУРНА СЕКЦИЈА

Оваа година членовите на литературната секција под менторство на Милица Д. Радевска, наставник по македонски јазик и литература, главниот акцент го ставија на остварување контакти со современи македонски писатели. Така, по повод Патрониот празник на СОУ „Таки Даскало“ – Битола, ќе се реализира средба со современиот македонски писател Раде Силјан при што ќе биде претставено неговото творештво и ќе бидат интерпретирани песни од сите творечки фази на поетот. Исто така, дополнително во соработка со учениците од билингвалните паралелки дел од творештвото на Силјан ќе биде преведено на англиски јазик и исто така ќе биде интерпретирано на средбата. Овој настан се реализира во соработка со Културно информативниот центар Битола.

Нашите ученици – членови на секцијата создаваат литературни творби под менторство на нивните предметни наставници по македонски јазик и литература, и учествуваат на многу републички конкурси, меѓу кои е и конкурсот за најдобар есеј во организација на Институтот за македонски јазик и литература. Горди сме на нивните креативни проживувања во духот на новото време, како и на постигнатите успеси на бројните наградните конкурси.

Волонтерски клуб

МАЛИТЕ ВОЛОНТЕРСКИ АКЦИИ – ГОЛЕМ ИЗВОР НА СРЕЌА

Членовите на Волонтерскиот клуб „Тереза Фердинанди Литовска“ веќе 15 години несебично и вредно инвестираат дел од своето време во организирање на акции чија крајна цел е правење добри дела на најразлични начини, преку работа, со создавање на свои творби, креации, низ разговори, насмевки... Со организирањето на работилници за значењето и придобивките од волонтеризмот се подигнува свеста кај учениците и тие се поттикнуваат за вклучување во волонтерски акции.





- Во текот на учебната 2022/2023 година во текот на месец ноември, во соработка со ЈП „Комуналец“ – Битола, „Грин Гарден“, организирана е акцијата „За поубав училишен двор“.
- Волонтерите од текстилната струка во соработка со ЦПЛИП „Пораак“, во ноември 2022 година организираа иновативна работилница за изработка на накит од текстилни материјали. Целта на оваа работилница беше да се стекнат трајни вредности, а воедно и да ја пренесеме пораката за еднаквост, недискриминација, соживот и солидарност.
- Во декември 2022 год. одбележан е Светскиот ден на волонтеризмот со акцијата „Зелен петок“ и со учество на Саемот на волонтеризам во организација на Американското катче и Општина Битола. Среќа е да се биде единствена волонтерска организација во рамките на средните училишта која е рамо до рамо со невладините организации од Општина Битола. Уште поголема среќа е што дел од учесниците од невладиниот сектор со својата работа започнале токму во нашиот клуб.



- Расте среќата кога се градат мостови на човечност и безрезервна љубов, а тоа го овозможија волонтерите од градежно-геодетската струка преку акцијата „И најмалот подарок може да предизвика широка насмевка” реализирана во декември 2022 г.
- Дарувањето не е среќа само за оној што прима туку и за оној што дарува. Волонтерите даруваа подароци, насмевки и дружба, под мотото „Секое дете заслужува да има среќа“ во соработка со Мајчин дом и Здружението „Златно перо“ во месец декември 2022 г.



- Традиционалниот настан „Мартинка за среќа“ реализиран во периодот февруари-март 2023 г., оваа година нека им донесе среќа на децата од подрачјата кои настрадаа од земјотресот во Турција и Сирија.




- Расте свеста за општествена одговорност преку акцијата „Капачиња од шишиња – за детска насмевка“. Оваа акција е реализирана во соработка со „Пакомак“ и „Екопак“ во месец февруари 2023 г.

Она што членовите на Волонтерскиот клуб го прават можеби изгледа незначително, меѓутоа колку почесто и подолго се спроведуваат „малите“ волонтерски акции, толку поголеми се насмевките и среќата.

Креативни и надвор од ТД



м-р Гордана Кожуваровска, наставник по сообраќајни стручни предмети: Со одлука на Собранието на РСМ е именувана за претседател на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата. Организира и учествува на бројни тркалезни маси, стручни собири, меѓународни конференции, како и на едукативно-превентивни кампањи во земјата и во странство. Автор е на 6 учебници за сообраќајната струка, а коавтор е на 2 учебници и 5 прирачници од областа на сообраќајот. Добитник е на бројни награди, меѓу кои и наградата за истакнат просветен работник.



д-р Александар Трајковски, наставник по графички стручни предмети: Автор е на учебник за графичка струка и на стручни книги од областа на графичката индустрија. Учествувал на симпозиуми, научни конференции, работилници и предавања во земјата и во странство. Член е на Македонското научно друштво Битола.

д-р Роберто Трајковски, професор по историја: Во средината на март оваа година, во нашиот град се снимаа делови од новата документарна серија „Партизани“, со учество на професорот Роберто Трајковски, инаку и автор на повеќе монографии и збирки документи со историска содржина. Серијата е во седум епизоди и премиерно ќе биде прикажана во крајот на 2023 година на телевизијата Ал-Џезира Балкан.



Ема Ќука, наставник по ликовна уметност: Член е на Друштвото на ликовни уметници на Битола. Се занимава со сликарство и изработка на модни додатоци.










Садет Амедовска, II год. текстилно-кожарска струка, техничар за дизајн на облека: тренира кик бокс, карате и фудбал. Покрај модниот дизајн го сака спортот и има учествувано на многу натпревари.







Филип Андреески, I г., градежно-геодетска струка: Хоби му е играњето шах. На почетокот мислеше дека е многу тешко, но наставниците во СОУ „Таки Даскало“ му помогнаа играњето шах да стане полесно и поинтересно. Благодарен е што се запиша во училиштето и што го одбра градежништвото за своја идна професија.



Михаела Васкоска, I г., графичка струка: Максимално ужива во цртањето. Нејзина пасија се портретите во кои успешно ги доловува емоциите и карактерот на ликот. Нејзината уметност е редовно дел од училишните изложби, а неодамна беше и дел од изложба во склоп на Еразмус+ проект поставена во НУ Завод и музеј Битола.



Нина Велинова, I г., графичка струка: Ужива да го обојува светот во поубави бои. Нејзините дела биле дел од низа изложби, а графичките дизајни победувале на многу конкурси, за што сведочат и многубројните сертификати, благодарници, дипломи... Дел од нејзината уметност може да се види и на инстаграм профилот @nina_illustrations.








Алексеј Илијовски, учи во првата генерација на билингвалната паралелка при СОУ „Таки Даскало“ – Битола. Бидејќи се интересира за јазиците, смета дека направил полн погодок што станал билингвалец. Зборува англиски, германски, француски и шпански. Во слободното време истражува за познати историски личности од светот. Исто така, ги проучува и химните на сите нации ширум светот. Така учи за нивната историја и нивните специфичности. Многу сака да патува и да открива.

Елена Јанкуловска, IV г., билингвална паралелка: Англискиот јазик отсекогаш ѝ бил голема страст, но, целокупното внимание ѝ било насочено кон уметноста. За неа таа станала голема страст и добила силна мотивација да ја изучува, а со тоа и да ја храна својата имагинација и креативност. Користи хартија и молив, некогаш и дигитални техники со разновидни четки, текстури и бои. Црта портрети, автопортрети, прикази на човековата анатомија и концепт дизајн на имагинарни ликови. Нејзина идна цел е да го совлада пејсажот бидејќи има желба да слика убави глетки додека патува.




Виктор Лозанов, II г., градежно-геодетска струка, градежен техничар: Ужива во математиката и физиката. Учествувал на општински натпревар по математика. Традицијата на неговата фамилија која се занимава со градежништво беше една од причините за избор на струката во која стекна многу практични и теоретски знаења за градежништвото кои може да ги примени и во пракса.





Ана Николоска, II год. градежно-геодетска струка, архитектонски техничар: Отсекогаш сакала да црта, но и да им помага на луѓето. Има учествувано во хуманитарни акции, на Саем за волонтаризам и во активности од Американското катче. Голема љубов ѝ е изработувањето макети од еко материјали, а посебно задоволство ѝ претставува практичната настава на градилишта, посета на лаборатории, музеи и други објекти.

Анастасија Огненова, II г., билингвална паралелка: Како најголем интерес ја има провокативната уметност. Фасцинирана е од уметноста како човечка моќ. Токму затоа се занимава со пишување поезија и проза од единаесетгодишна возраст. Некои нејзини текстови и поеми се објавени во збирки. Веќе една година посетува театарска школа. Иако аплаузот на публиката е чувство кое не може да се опише, во иднина се гледа себе си во филмската уметност. Анастасија не смета дека создавањето уметност може да го спаси светот, но знае дека го прави подобро место.




Бојана Петковска, I г., градежно-геодетска струка: Учествувала на Саемот за волонтеризам, во хуманитарни акции и активности од Црвениот крст. Нејзино хоби и омилен спорт е кошарката. Од годинава е член на училишниот кошаркарски тим. Смета дека СОУ „Таки Даскало“ им дава можност на сите ученици да си го остварат својот сон. Во иднина се гледа како архитект.



Лука Ризански, III г., билингвална паралелка: Неговото хоби е цртање, компјутерска графика. За отворениот ден на нешето училиште, имаше нацртано дел од наставниците како анимирани ликови од серијата „Peaky Blinders“. Со свој цртеж учествуваше и на конкурсот на ОБСЕ, по повод нивното 30 годишно постоење за што во знак на внимание доби пригодни и интересни сувенири со нивното лого. Посакуваме во иднина уште повеќе да го развива и надоградува својот талент и хоби.





Матеа Стојанова, III г., гимназиско обр.: Мирна и скромна како срна, но благородна и моќна кога со фотоапаратот го овековечува пејзажот, кога на природата ѝ дава душа, на каменот срце, на водите говор.







Андреа Стојковска, II г., гимназиско обр.: Уште од мала имала љубов кон многу работи: кошарка, традиционални и латино танци... Но, кога ја открила шминката и прв пат ја ставила на своето лице, сфатила дека тоа што го чувствува е посебна приказна. По неколку години решила тоа хоби да премине во вистинска професија- шминкерка. Гледањето видеа на интернет многу ѝ помогнало во напредокот, но, најважно од сè, трпението и желбата нештото да се научи. Во блиска иднина се надева дека ќе биде за скалило погоре во оваа професија бидејќи максимално се вложува. И за крај, порачува да не се откажувате од соништата! Можни се!



Теодора Христова, I г., графичка струка: Кога се работи тоа што навистина се сака, погодокот во целта е неизбежен. Тоа важи и за нашата Теодора која, покрај успесите во училишните активности, нижи успеси и на полето на стрелаштвото. Повеќе години е активен член на СК РЕК Битола и освоила многубројни награди, како во индивидуалните така и во групните натпреварувања, во државата и надвор од неа.



ГРСТ забава: Ребус

ТЕТ✋ТКА

СТ👁ЛИ🪱А

МОР🐴В

Бојана Димитријовска II 12, Сара Муратовска II 12

СООБРАЌАЈНА СТРУКА/СЕКТОР СООБРАЌАЈ, ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ

Техничар за патен сообраќај за кој се потребни 55 поени и **Техничар за транспорт и шпедиција** – потребни се 60 поени,а за упис интересот за овие струки/ квалификации е многу голем кај завршените основци и затоа не се двоумете, запишете се бидејќи е можно местата да се пополнат. Можноста за вработување е многу голема во разни државни и приватни институции.

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС:
мајчин јазик и англиски јазик, математика и физика



Членови на Училишната сообраќајна единица, зедоа учество во проектот на Општина Битола за обележување на побезбеден премин на улицата " Васко Карангелевски", кај ОУ "Елпида Караманди"



Изработка на костими за театарска претстава на Драмското студиот Арт и Медија кое е дел од продукцијата Божиловиќ со наслов „Дедо Мраз во трговски центар"

ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА СТРУКА / СЕКТОР ТЕКСТИЛ, КОЖА И СЛИЧНИ ПРОИЗВОДИ:

Техничар за дизајн на облека/техничар за изработка на облека-комбинирана паралелка со четиригодишно траење за кого се потребни 45 поени. Учениците запишани во овие профили/квалификации се вработуваат најбрзо бидејќи работодавачите се заинтересирани за нив уште пред завршувањето на школувањето на учениците. Учениците од трет во четврт степен можат многу лесно да го продолжат своето школување по вондреден или редовен пат во зависност од нивните желби.

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС:
мајчин јазик и англиски јазик, хемија и математика

ГЕОЛОШКО РУДАРСКА И МЕТАЛУРШКА СТРУКА / СЕКТОР ГЕОЛОГИЈА, РУДАРСТВО И МЕТАЛУРГИЈА:

Геолошко-рударски техничар- реформирано образование, со четиригодишно траење за кого се потребни 45 поени при упис. Сите ученици кои имаат афинитет кон рударството да се запишат во гореспоменатите струки бидејќи потребни се ралитивно мал број на поени , а вработувањето после средно образование се реализира многу брзо. РЕК Битола има постојана потреба од овој вид профили и речиси нема невработени лица од оваа струка.



Учениците од геолошко - рударската и металуршка струка на практична настава.

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС:
мајчин јазик и англиски јазик, математика и физика



Комплетно реновирани и опремен кабинет со најсовремена компјутерска опрема и софистициран софтвер

ГРАДЕЖНО-ГЕОДЕТСКАСТРУКА/ СЕКТОР ГРАДЕЖНИШТВО И ГЕОДЕЗИЈА :

Архитектонски техничар/Градежен техничар комбинирана паралелка - потребни се 45 поени. За овој вид профили има голема заинтересираност од учениците бидејќи двата профила се со четиригодишно траење и се нови. За овој вид профили заинтересираноста од страна на градежните фирми и работодавачи е многу голема и се чуствува недостиг од нив на пазарот на трудот, односно нема невработени градежни и архитектонски техничари.

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС:
мајчин јазик и англиски јазик, математика и физика

УГОСТИТЕЛСКО – ТУРИСТИЧКА СТРУКА/ СЕКТОР УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ :

Хотелско - туристички техничар
за кој се потребни 45 поени при упис.
Овој профил/квалификација е со четиригодишно траење, а учениците кои ќе се запишат на овој профил/квалификација ќе имаат широк простор за вработување пр. хотели, туристички агенции, Министерства и разни други прифатни и државни институции. Проодност од оваа струка има на сите високообразовни институции особено на факултетите за туризам и угостителство во земјава.



Практична настава во Пица-ресторанот "Корзо" - работа на рецепција

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС:
мајчин јазик и англиски јазик, биологија и географија

Дел од практичната настава



ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС:
мајчин јазик и англиски јазик,хемија и биологија

СТРУКА/СЕКТОР: ЛИЧНИ УСЛУГИ

Техничар за козметичка, нега и убавина, потребни се 45 поени при упис во прва година, а заинтересираноста на учениците е голема согласно потребите за развој на малото стопанство. Учениците кои ке се запишат во овој профил/квалификација имаат можност школувањето да го продолжат на високи образовни институции или да разработат сопствен бизнис. Современиот начин на живот неможе да се замисли без квалификувана работна сила од оваа област.

СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО" БИТОЛА УЧЕСТВУВА И ВО ПОВЕЌЕ МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ ВО РАМКИТЕ НА ЕРАЗМУС + ПРОГРАМАТА

Erasmus+

ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ – Потребни се 60 поени – во гимназиско образование можат да се запишат сите кои имаат 60 или помалку поени бидејќи за уписот во јунскиот рок второ пријавување се очекува Министерството за образование и наука да ги намали потребниот број на поени..Наставните планови во гимназиско образование се поделени во три подрачја со по две комбинации и тоа:

-природно-математичко подрачје,
-општествено-хуманистичко, и
-јазично-уметничко подрачје.

Во рамките на училиштето работиме по најсовремени планови и програми, стручни професори и просторни и опремени училници. Исто така обезбеден е простор за работа со талентирани и надарени ученици.

БИЛИНГВАЛНА ПАРАЛЕЛКА: англиско - македонска, потребни се 60 поени, функционира во рамките на гимназиско образование. Учениците кои ке се запишат во гимназија во билингвална паралелка, се здобиваат со повисок степен на знаења од англискиот јазик бидеки дел од наставата се реализира на англиски јазик и се за чекор понапред од другите ученици за овој јазик. Со оглед на тоа што англискиот јазик е светски јазик, можностите за упис после завршување на школувањето се неограничени на сите високообразовни институции во земјава и странство.



Ученичката Емилија Крстевска која е дел од првата генерација на македонско-англиска билингвална паралелка, е добитник на целосна стипендија од програмата Кенеди-Лугар-размена и учење на младите (KL-YES Program) за учебната 2020/2021 година, како резултат на освоента прва награда за најдобар есеј на англиски јазик на Републичкиот натпревар

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС
природно-математичко подрачје: мајчин јазик и англиски јазик, математика и физика(комбинација А) или биологија (комбинација Б)
општествено-хуманистичко: мајчин јазик и англиски јазик математика и историја
јазично уметничко подрачје: мајчин јазик и англиски јазик математика и историја
билингвална паралелка: мајчин јазик и англиски јазик математика и историја





Графичкиот кабинет е комплетно опремен со најсовремени уреди за графичко производство

ГРАФИЧКА СТРУКА/СЕКТОР ГРАФИЧАРСТВО:
Графички техничар/графички уредник-дизајнер, комбинирана паралелка со четиригодишно траење за кого се потребни 45 поени и паралелка
Печатар со тригодишно траење за кого се потребни 30 поени при упис.
Сите профили работат по реформирани модуларно дизајнирани наставни планови и програми. **Графички уредник-дизајнер** е нов и креативен профил за сите оние кои сакаат да се запознаат со тајните на графичкиот дизајн. Графичката струка се користи во сите области и наоѓа голема примена при дизајнирање на разни апликации во компјутерската техника. Учениците со завршен ваков вид на образование можат да се запишат скоро на било кој факултет, да се вработат во печатница или дизајн студио или да започнат сопствен бизнис.

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС: мајчин јазик и англиски јазик, ликовно образование и хемија

СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ТАКИ ДАСКАЛО
БИТОЛА

takidaskalobitola@gmail.com
www.takidaskalo.edu.mk







ИНФОРМАТОР
ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ВО ПРВА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

https://e-uslugi.mon.gov.mk

ПРВО ПРИЈАВУВАЊЕ: 20 ЈУНИ ДО 24.00 Ч. И НА 21 ЈУНИ 2023 ГОДИНА ДО 15:00 Ч.
ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ДО УЧИЛИШТЕТО:
22 ЈУНИ ОД 12.00 ДО 19.00 Ч. И НА 23 ЈУНИ ОД 07.00 ЧАСОТ ДО 19.00 Ч.
ВТОРО ПРИЈАВУВАЊЕ: 27 ЈУНИ ДО 24.00 ЧАСОТ ИНА 28 ЈУНИ 2023 ГОДИНА ДО 15:00 ЧАСОТ.
ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ДО УЧИЛИШТЕТО:
29 ЈУНИ ОД 12.00 ДО 19.00 Ч. И НА 30 ЈУНИ ОД 07.00 Ч. ДО 19.00 Ч.
ТРЕТО ПРИЈАВУВАЊЕ: 21 АВГУСТ ДО 24.00 Ч.
ДОСТАВУВАЊЕТО НА ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ДО УЧИЛИШТЕТО: 22 АВГУСТ ОД 10.00 ДО 19.00 Ч.

тел: 047-220-192

ул. „Димитар Илиевски - Мурато“ бр. 37 Битола